Зошто Уметнички активизам

Центар за уметнички активизам

Зошто умeнтички активизам

9 причини

Стивен Дункомб и Стив Лумберт

Центар за уметнички активизам

Уметничкиот активизам монилизира афект и ефект

Уметничкиот активизам претставува комбинација на комплексен приод и акции кои се наменети да ја искористат моќта на уметноста и овозможат емоционално поврзување и реакција на стратешки планираните процеси и да ги овозможат општествените промени.

Уметноста и активизмот прават различни нешта. Активизмот како што и самото име кажува е активност која ги предизвикува промените и односите кон центрите на моќ и власта. Постојат многу форми на активизам и начини како активизмот да се практицира и да се биде активист, но заедничко на разните форми на активизмот е да се цели кон одредена промена односно да се креира одреден ефект.

Уметноста на друга страна нема таква јасна цел, тешко е да се одреди кога уметноста е за или против, нејзината вредност е во овозможувањето на нови погледи на работите и на светот. Честопати е тешко да се измерат и дешифрираат неретко конфузните пораки кои едно дело ги испраќа. Добрата уметност секогаш содржи повеќе значења кои не можеме лесно да ги посочиме директно но сепак овие значења можат да не водат. Целта на уметноста е (доколку можеме да го употребиме овој термин) е таа да не движи емоционално и да влијае на нашите перцепции. Уметноста едноставно кажано е експресија која генерира афект.

На прв поглед овие цели на уметноста и активизмот изгледаат како да се разминуваат. Активизмот не движи кон материјалниот свет, додека уметноста не движи во емоционалното. Сепак всушност уметноста и активизмот се комплементани. Општествените промени не се случуваат туку така, туку истите се случуваат затоа што луѓето така одлучиле. Секој упатен активист ќе ви каже дека луѓето не одлучиле наеднаш да ги сменат своите гледишта, туку промената на нивните ставови е резултат на силни промени на емоциите. Поттикнати сме од афективни искуства за да креираме физички реакции кои резултураат со конкретни ефекти. На ова можеме да гледаме како афективен ефект или ефективен афект или дури можеме да креираме и нова кованица аефект (*aefect* – aye-fect), која ги обединува значењата на двата поими.

Уметничкиот активизам претставува практика на креирање на *аефект*, емоционална вибрација и искуство кое води кон мерливи промени.

Уметничкиот активизам е успешен во современиот пејсаж и во модерното доба

Првото правило на герила војувањето е да се познава теренот и да се користи како предност. Денес ова не значи да се проучуваат мапите на Куба или џунглите на Виетнам. Нашиот модерен политички релјеф е високо моделиран пејсаж на знаци, пораки, симболи, приказни и спектакли. Да се оперира успешно во една ваква културна топографија потребно е да се анализира, набљудува и одговара креативно. Затоа е потребно да бидеме уметнички активисти.

За политиката можеме да размислуваме како за рационална работа во која разумни луѓе логично луѓе разговараат и споделуваат мислења и дебати за различни прашања и потоа правно делуваат. Ваквата перцепција за политиката ја учиме на часовите по граѓанско образование. Но како што во последно време развојот на когнитивните науки ни покажува дека луѓето не размислуваат и не се однесуваат во ваква насока во вистинскиот свет. Ние ги создаваме нашите перцепции за светот преку приказни и симболи кои ја врамуваат информацијата која ја примаме и спрема која донесуваме став. Принципите на кои го уредуваат владеењето (однесувањето) на граѓанските

акции попрво ќе го најдеме во зборовите на популарната култура, уметничката експресија и светот на забавата отколку во книгите за политички науки.
Сознанието дека политичкиот пејсаж е исто така и културен пејсаж ни отвара ново поле за работа. Додека уметноста се врзува да биде застапена во музеите и галериите, а активизмот на улиците, пред државните институции и демонстрациите, уметничкиот активизам се вдомува во трговските центри, на градските плоштади, на билбордите и во социјалнинте медиуми но и во галериите и државните институции. Новиот терен кој не е ниту стриктно политички ниту стриктно уметнички е всушност многу посигурен за работа отколку музеите или митинзите, што го прави уметничкиот активизам по пристапен, атрактивен и попрепознатлив, отколку формите на традиционалната уметност или голиот активизам. Уметничкиот активизам претставен како афективна слика, перформас и искуство е мета на камерите на мобилните телефони кои ги полнат социјалните мрежи бидејќи луѓето не ги споделуваат стратешките документи и одлуките на разни тела, туку ги споделуваат и разговараат за работите кои ги размрдуваат.

Како уметничкиот активизам бил користен низ историјата

Додека уметничкиот активизам е поврзан со современиот момент , низ историјата нај ефикасните цивилни актери ги спојувале уметноста со кампањите за општествени промени, користејќи естетски пристап да овозможат критичка перспектива на светот и да ни покажат каков светот би можел да биде. Во борбата за граѓански права на афроамериканците во УСА активистите ги заснивале своите планови на соработка со афроамериканските цркви а едновремено и пласирале медиа приказни како онаа за Роза Паркс која одбива да стане и го отстапи своето седиште во сегрегиран автобус, како и информации за расистички и насилни реакции врз мирољубивите демонстранти за да создадат реакции на симпатии на граѓаните во процесите на десегрегацијата на градот Бирмингем во Алабама воедно повикувајќи ја Америка да се соочи со расистичкото минато и да го создава сонот за подобра иднина. Истовремено Мартин Лутер Кинг кој е запомнет по својата истрајност и морална заложба и храброст, историчарот на општествените движења Дог Мц Адам ја оценува способноста за драматизација на Кинг како генијална и преку неа ја објаснува успешноста на кампањите на Кинг.

Од христовото говорење во метафори за да ја придобие својата јавност, до драматизирањето на плоштадите од типот „Вака изгледа демократијата„ работењето на комбинацијата на уметноста (на говорот, на сликата која се создава) го креира активистичкиот ефект. Многумина од активистите го знаат ова интуитивно и искуствено но не го нарекуваат уметнички активизам туку едноставно го користат за да ги дефинираат своите практитки.

Унметинчкиот активизам создава отварања на светогледот

Уметноста и активизмот најчесто се согласуваат околу очекувањата а за многумина овие очекувања се за жал негативни (ништо нема да се деси, ништо нема да постигнеме). Уметничкиот активизам е начин на делување во кој активизмот не изгледа како активизам а уметноста не изгледа како уметност.

Способноста на уметничкиот активизам лежи во тоа да изненадува и да се појавувана на невообичаени места (не во гралерии) и да креира несекојдневни форми (не протести и маршеви)

на можности кои се во состојба да ги разбијат предрасудите на луѓето да се вклучат и да ги примат и одобрат пораките кои сакаме да им ги испратиме. Уметничкиот активизам создава можности да се пробијат навидум непробојните баријери и да се ремапираат когнитивните модели. Елементите на изненадувањето се моменти кога може да се допре до срцето и умот на луѓето и да се променат сваќањата.

Способноста на уметничкиот активизам да го избегне етикетирањето е извонредно корисна во општествата каде традиционалните протести на протести/маршеви се секојдневие и каде што не се знае во кој момент овие настани ќе ескалираат и преминат во насилство за да добијат вредност да се појават на вестите и во медиумите. Наспроти ова уметничкиот активизам креира ситуации кои се необични и кои остануваат запаметени и кои привлекуваат големо внимание. Вредноста на уметничкиот активизам е дотолку поголема што тој може да функционира и при репресивни режими каде протестите и сличните форми се забранети а сепак уметноста и уметничките практитки се дозволени. Провлекувајќи се невидливо под радарите уметничкиот активизам не се идентификува како политика од страна на властите а сепак успешно успева да пренесе битни општествени пораки во јавноста.

Уметничкиот активизам е достапен

Не ме интересира политика е често слушната фраза. Сепак тешко дека постојат личности кои не исполнуваат или практицираат некаква форма на креативност. Одиме и играме за викендите, пееме во црковни хорови или пееме и рапуваме со пријателите, правиме монтажи и меминја на социјалните мрежи, готвиме вечери за пријателите или сложуваме сложувалки. Додека ни требаат години за да се обучиме во полето на правото, политиката, политичкото делување или лобирање кај власта, креативноста е вештина која ја имаме во себе и само треба малку да ја кристализираме и да ја искористиме за да создадеме *Аефект*.
Всушност најголемата креативност (културна креативност) ја поседуваат младите, сиромашните, обоените, мигрантите и имигрантите односно токму оние кои се најмногу маргинализирани од политиката, правото и образованието. Уметничкиот активизам игра природна улога во користењето на нивните јаки страни.

Iako imaat najdobri nameri I aktivistite I umetnicite se roditelski nastroeni kon onie na koi treba da им помагаат. Тие како експерти кои имаат големо знаење ги даруваат обесправените односно оние на кои им треба помош. Уметничкиот активизам не функционира на овој начин, тука односите се обратни – луѓето се тие кои ги поседуваат вредностите односно она што е вредно. Додека културата е нешто што сите го делиме, ние сите не делиме иста култура. Главниот материјал односно симболите и приказните кои му даваат на уметничкиот активизам контекст и форма се разликуваат од една до друга групи луѓе и од место до место, согласно на тоа и таквиот пристап доаѓаме до заклучокот дека локалните луѓе се вистинските експерти.

Активизмот изгледа туѓ и застрашувачки за многу луѓе, изгледа како да бара премногу обврски, заложби и одзема многу време. (Oskar Wild еднаш рекол дека главниот проблем на социјализмот е што троши многу ноќи на состаноци). Но зошто мешањето на уметноста и активизмот работи толку добро. Бидејќи сите ние имаме креативни животи, практицираме уметност а култура уште почесто. Културата како почетна точка може да биде место каде организаторите ќе им пријдат и ќе ги ангажираат луѓето на кои институционалните системи, политиката , лобирањето и гласањето им се туѓи. За разлика од уметноста или политиката, уметничкиот активизам нема потреба од

специјални предзнаења, а како уметничка форма на делување уметничкиот активизам е секогаш отворен за различни мислења и различни начини за поврзување со публиката или јавноста. Со оглед дека уметничкиот активизам лесно ги преоѓа препреките, тој не само што отвора простор за повеќе наменски пристапи туку тој е одлична можност за присаство во масмедиумите бидејќи секогаш покрива или може да биде покриен во повеќе сектори – и оној за култура и оној за политика. Истовремено уметничкиот активизам отвара можности и кај донаторите бидејќи потенцијалот е мултиплициран и може да се побарува и од одделита за култура и уметност но и од оние кои се бават со општествени прашања и социјална правда.

Уметничкиот активизам ја стимулира културата на креативноста

Постои уметност во секоје секојдневие и секоја рутина вклучувајќи го и активизмот. Тоа е она што ја одвојува иновативноста од рутината, елегантното од необичното. Креативноста е есенцијална за добро организирање, таа овозможува на активистите да смислуваат нови тактики, стратеги и цели за да нивните кампањи бидат свежи и по ефектни. Едно време протестите и маршевите беа моќно и иновативно средство за делување – денес тие се рутина: милиони луѓе имаат протестирано и маршрано против учеството на Американците во војната во Ирак, но јавноста се сврте против војната кога Cindy Shenan мајката на убиенот војник постави драматичен логор пред вилата за одмор на американскиот претседател. Ова беше уметнички активизам.
Но уметничкиот активизам е повеќе од делување со креативни тактики, уметничкиот активизам ја стимулира културата на креативноста која се издвојува од целите на севкупното планирање на кампањите.
Уметничкиот активизам е уметничка форма тоа е постојано правење на работи и креации кои се неочекувани нешто што можеме да го наречеме изобилие на *aefekt*. Всушност креативниот активизам постојано не тера да ги забележуваме и да бидеме отворени за нови идеи моментите кои можат да се претворат во политички можности односно можности да влијаеме на политиките на кои што ние сакаме.

Креативниот активизам ги засилува луѓето и организациите

Да се грижиме за светот е тешка работа. Ги отвораме очите за работи кои другите ги игнорираат и во нашата работа најчесто се бориме со сили кои се многу поголеми од нас како што се старите предрасуди, зазиданите институции и добро финансираната опозиција. Еден активист лесно ќе изгори во борбата (активистички burn out) се додека делувањето се карактеризира како битка и страдање, а исто така и еден уметник ќе биде фрустриран кога ќе види дека неговите дела не ги предизвикуваат посакуваните промени за работите за кои тој се грижи. Уметничкиот активизам е начин на внатрешно поврзување на уметникот кој лежи во активистот и обратно како и меѓусебно поврзување на уметниците и активистите. Менувајќи ги пристапите уметничкиот активизам всушност создава забава и задоволства повеќе отколку жртвување и вина и на тој начин ги засилува и реинтегрира нашите животи.

Засилувањето на луѓето ги ревитализира институциите и оргнизациите . На овој начин уметничкиот активизам всушност претставува форма на самозаштита. Целите и играта на уметничкиот активизам можат да ги оживеат „мртвите„културни и граѓански организации како музеите, галериите и НВО-ата и од внатрешен аспект и поглед од внатре но и од надворешен аспект и поглед од надвор бидејќи колку што уметничкиот активизам е занимлив за тие го практицираат, истиот е еднакво интересен и и возбудлив и за луѓето кои од надвор го искусуваат.

Уметничкиот активизам не е едноставно преовладување на креативноста над традиционалните активистички техники. Петициите се уште треба да бидат потпишувани, секако дека некој мора да ги работи кампањите од врата на врата, маршевите и протестите мораат да продолжат а мора да се лобира и кај политичарите. Правењето простор за креативност овозможува полесно справување со тешките работи и прашања и ги задржува луѓето подолго во организациите. Всушност практицирањето на умеmичкиот активизам е едновремено и многу покреативен начин на адресирање на работите.

Уметничкиот активизам е долгорочен процес

Креирањето на одржлива и трајна промена изискува промена на вредностите, верувањата и предлошките на однесување, ова всушност претставува културна промена. Додека промените на законите и политиките се есенцијални законите нема да бидат почитувани или политиките имплементирни доколку луѓето не ги почуствуваат вредностите кои стојат зад нив. И додека маршевите и протестите се важни тие нема да имаат траен ефект доколку темите не соодејствуваат со луѓето. Културата ја креира основата за политиките и ја исцртува основата na poimite na posakuvanoto i neposakuvanoto, возможното и невозможното. Културата не сочинува нас и ние ја креираме културата, едновремено културата е базичниот материјал на креатвинот активизам.

Уметничкиот активизам се исцртува од културата, ја креира културата и вилијае на културата.Уметничкиот активист може да ја наслика сликата која ги потикнува луѓето да се преиспитаат како гледаат на реалноста, или да ги преиспита гледиштата и прашањата за тоа кои вредности се „нормални„ во општеството како и да креира артефакти како покажуваат алтернатива за некој подобар свет.

За да го смениме светот мора да замислиме како променетиот свет ќе изгледа. Овие утопистички визии се корисни за креирање прагматични визии и конкретни цели кои обезбедуваат маркации кои не можат да се изгубат на хоризонтот. Најважно е дека кога се будиме наутро со креативни идеи со кои сакаме да го смениме светот, тие идеи ги привлекуваат и другите да ни се придружат. Артикулирањето на нашите сништа не е лесно бидејќи нашите идеи и визии за она што е возможно се врамени од културата на светот кој што сакаме да го промениме. Но како што Andre Lord напишал Поезијата е начин да дадеме имиња на безимените за да може да се запомнат. Уметноста е средство да се замисли незамисливото, а уметничкиот активизам е медиум кој може да го преложи незамисливото како можност. Низ слики, звуци и движења уметничкиот активизам може да креира и комуницира видливии визии како нештата би изгледале во иднина. Уметноста ни дава визија а активизмот ни помага да го направиме патот кој не води до неа.

Уметничкиот активизам е мирен и убедлив

Конечна забелешка. Уметничкиот активизам има ненасилно својство. Иако некои групи имаат користено креативни методи а на крајот завршувале со насилство (нацистичката партија на пример) тактиката на уметничкиот активизам е ненасилна.Уметничкиот активизам е насочен кон срцата и умовите а не кон телата и зградите. Целта не е да се креира попуштање под притисок кое уметноста никогаш не може да го направи туку преку креативноста да се убедат луѓето да ги преиспитаат своите светоглед, да го преиспитаат светот каков што, да замислат каков би можел

светот да биде и да ни се приклучат заедно да го направиме тој нов свет реалност. Уметничкиот акцивизам е Аефективна моќ.

Првото правило на герила војувањето е да се познава теренот и да се користи како предност. Денес ова не значи да се проучуваат мапите на Куба или јунглите на Виетнам. Нашиот модерен политички релјеф е високо моделиран пејсаж на знаци, пораки, симболи, приказни и спектакли. Да се оперира успешно во една ваква културна топографија потребно е да се анализира, набљудува и одговара креативно. Затоа е потребно да бидеме уметнички активисти.

Политиката е област во која се мешаат причините и емоциите. Ако сакаме да ги менуваме работите мора да бидеме свесни политиката се заснова помалку на рационалност отколку наперцепција и пасии. За да можеме да се движиме низ ваквите пејсажи потребна ни е помош од уметноста.

Стивен Дункомб и Стив Лумберт се основачи на Центарот за уметнички активизам . Заедно тие работеле со стотици уметници и активисти во преку 15 земји на 4 континенти водејќи обуки наменети да им помогнат на уметниците и активистите да влијаат на властите, комбинирајќи ги техниките на организирање и мобилизирање преку креативноста и културата.